| | | | |
|---|---|---|---|
| **Барања за пристап до информации од јавен карактер** | | | |
| **Имател на информацијата / Назив на институцијата: Секретаријат за законодавство** | | | |
| | | | |
| **Предмет на пристигнати барања** | | | |
| реден број | година на примени барања | година на примени барања | година на примени барања |
| | 2020 | 2021 | до 30.06.2022 |
| 1 | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на тоа која институција треба да го плати придонесот за пензиското и инвалидското осигурување согласно член 98-г, 98-д, 98-ѓ, 98-е и 98-ж од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на поединечни квоти од фактурите кои ги исплатила Владата на Република Северна Македонија за декември 2020 година на [redacted] | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] и истражување кое се однесува на вкупен број на вработени-поделени по пол, вкупен број на раководни работни места-поделени по пол, вкупен број на нераководни работни места-поделени по пол, вкупен број на вработени Роми-поделени по пол, вработени Роми на раководни позиции-поделени по пол и вработени Ромки во Секретаријатот за законодавство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted], кое се однесува на информација до која година му престанува правото на времено користење на недвижната ствар (бифе) на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно до која година Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија ќе има право на времено користење на истата недвижна ствар согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на Владата на Република Северна Македонија број 45-10975/3 од 28.12.2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 5/20) | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на тоа колку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер има добиено Секретаријатот за законодавство во периодот од 1 до 31 декември 2020 година | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на податоци за вработени за 2020, 2021 и првите четири месеци од 2022 година во Секретаријатот за законодавство |
| 3 | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на информација за број на изградени објекти за групно домување, категорија А3, во реон 5 и реон 6 на територијата на Република Северна Македонија прикажан во Табеларен преглед на цени по кои се отуѓува градежно земјиште | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на податоци за вкупен број на вработени-поделени по пол, вкупен број на раководни работни места-поделени по пол, вкупен број на нераководни работни места-поделени по пол, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба, објавен во ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' број 190 од 25.12.2017 година | вкупен број на вработени Роми-поделени по пол и вработени Роми на раководни позиции-поделени по пол во Секретаријатот за законодавство | |
| 4 | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на информација за број на непосредни спогодби за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште на Република Северна Македонија кое се наоѓа во реон 5 и реон 6 прикажани во Табеларен преглед на цени по кои се отуѓува градежно земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба, кој е прилог кон Уредбата за изменување на Уредбата за висината на цената на градежно земјиште сопственост на Република Македонија објавена во (,,Службен весник на Република Македонија'' број 190 од 25.12.2017 година), за периодот од 01.01.2018 година до денот на кој се бара информацијата | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на тоа до каде е постапката за воведување на комунална полиција под ингеренции на локалната власт која ќе има законски овластувања да обезбеди ред во општините и Градот Скопје согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на информација да му се достави Одлуката за проширување на парцелата утврдена во Одлуката експлоатација на минерална суровина - глина, која е објавена во ,,Службен весник на Република Македонија'' бр. 90 од 18 јули 2012 година | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на тоа колку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер има добиено Секретаријатот за законодавство во 2021 година | |
| 6 | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на информација за тоа кои од мерките на Владата за ослободување од работа на одредени категории на граѓани сеуште важат и се во сила? И Дали и кои категории на работници ослободени по мерките на Владата треба да работат од дома и да дојдат на работа 2-3 часа доколку итно бидат повикани, како и кои категории на работници се целосно ослободени од работа | | |
| 7 | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на информација за последни пет објавени јавни огласи за вработување во Секретаријатот за законодавство за периодот од 01.01.2019 до 01.08.2020 година | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на информација за вкупен број на вработени, сегрегирани по пол и звање за 2019 година во Секретаријатот за законодавство | | |
| 9 | Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] кое се однесува на стручното мислење на Секретаријатот за законодавство по Одлука за изземање од стопанисување на Спортска сала ДТВ Партизан Карпош 4 на јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, бр 42-6881/1, од 02.09.2014 година, објавена во ,,Службен весник на Република Македонија‘‘ бр. 132/14 | | |
| * Доколку имате потреба дададете дополнителен број на редови во табелата | | | |
| *** Табелата пратете ја исклучиво во excel, а не скенирана и во pdf** | | | |

**СПИСОК НА КАТЕГОРИИ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ: ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ**

- **ПРВА ГРУПА: ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ**

1. ДАЛИ НА ПОЧЕТНАТА СТРАНА ЈА ИМАТЕ ОБЈАВЕНО ЛИСТАТА НА ИНФОРМАЦИИ?

   **ДА**
   НЕ
   ЛИНК

2. ПОДАТОЦИ ОД НЕГОВИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ?
   **ДА**
   ДЕЛУМНО
   НЕ
   ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/sekretirijatot

3. ОСНОВНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ СО ИМАТЕЛОТ НА ИНФОРМАЦИЈАТА И ТОА:

   3.1.НАЗИВ,

   **ДА**
   НЕ
   ЛИНК http://www.sz.gov.mk/help/contact

   3.2. АДРЕСА,
   **ДА**
   НЕ
   ЛИНК http://www.sz.gov.mk/help/contact

   3.3.ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ,

   **ДА**
   НЕ
   ЛИНК http://www.sz.gov.mk/help/contact

   3.4. БРОЈ НА ФАКС,

   ДА
   **НЕ**
   ЛИНК

3.5. Е-МАИЛ АДРЕСА

**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/help/contact

3.6.АДРЕСАТА НА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦАТА
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/help/contact

4. ПОДАТОЦИТЕ ЗА ФУНКЦИОНЕРОТ ИЛИ ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ КАЈ ИМАТЕЛОТ НА ИНФОРМАЦИЈАТА
4.1 БИОГРАФИЈА
ДА
**НЕ**
ЛИНК

4.2.ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/sekretar

5. ОСНОВНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ СО СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ И ТОА

5.1.ИМЕ И ПРЕЗИМЕ,
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/szoinfo

5.2 Е-МАИЛ АДРЕСА

**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/szoinfo

5.3. ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/szoinfo

6. ОСНОВНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ СО ЛИЦЕ ОВЛАСТЕНО ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ И ТОА:

6.1 ИМЕ И ПРЕЗИМЕ,

**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/szoinfo

6.2. Е-МАИЛ АДРЕСА

**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/szoinfo

6.3.ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/szoinfo

7. СПИСОК НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ИМАТЕЛОТ НА ИНФОРМАЦИЈАТА СО ПОЗИЦИЈА

ЛИНК http://www.sz.gov.mk/help/contact

7.1. СЛУЖБЕН Е-МАИЛ

**ДА**
НЕ
ЛИНК

7.2.СЛУЖБЕН ТЕЛЕФОН
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/help/contact

8. ПОЈАСНУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ (НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА УСНО, ПИСМЕНО БАРАЊЕ И ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ)?

**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/lijk

9. ПОСТАВЕН ОБРАЗЕЦ ЗА БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**ДА**
НЕ
ЛИНК http://sz.gov.mk/data_pdf/baranje_jk.pdf

10. ОД КОЈА ГОДИНА ГО ИМАТЕ ПОСТАВЕНО ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

2020
**2019**

- **ВТОРА ГРУПА: ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ**

11. ЗАКОНИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА НАДЛЕЖНОСТА НА ИМАТЕЛОТ НА ИНФОРМАЦИИ

**ДА**
НЕ
ЛИНК
http://www.sz.gov.mk/blogs?search=&orderby=creation_date&category=21&page=&tag=&start_date=&end_date=

12. ПРОПИСИТЕ ШТО ВО РАМКИТЕ НА СВОЈАТА НАДЛЕЖНОСТ ГИ ДОНЕСУВА ИМАТЕЛОТ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ВО ВИД НА ПОДЗАКОНСКИ АКТ:

12.1ПРАВИЛНИК ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/data_pdf/lijk/1_Pravilnik_Vnatresna_organizacija.pdf

12.2 ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА
**ДА**
НЕ
ЛИНК
http://www.sz.gov.mk/data_pdf/lijk/2_Pravilnik_za_sistematizacija_na_rabotni_mesta.pdf

12.3. ПРАВИЛНИК ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/data_pdf/lijk/3_Pravilnik_za_ukazuvaci.pdf

12.4 УРЕДБИ
ДА
**НЕ**
ЛИНК

12.5. НАРЕДБИ
ДА
**НЕ**
ЛИНК

12.6 УПАТСТВА
ДА
**НЕ**
ЛИНК

13. ОРГАНОГРАМ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/data_pdf/lijk/4_Organogram.pdf

- **ТРЕТА ГРУПА: ОПЕРАТИВНА**

14. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ ЗА РАБОТА НА ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/data_pdf/lijk/5_Strateski_plan_2021_2023.pdf

15. СТРАТЕГИИ ЗА РАБОТА НА ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/data_pdf/lijk/6_Strategija_za_IKT_2020_2021.pdf
http://www.sz.gov.mk/data_pdf/lijk/19_Strategija_rizici.pdf

16. ГОДИШНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/data_pdf/lijk/7_Godisen_plan_za_rabota_2021.pdf

17. ДАЛИ СЕ ПОСТАВЕНИ НА ВЕБ СТРАНАТА ПРЕДЛОГ НА ДОКУМЕНТИ (ПРЕДЛОГ НА ПРОГРАМИ, ПРОГРАМИ, СТАВОВИ, МИСЛЕЊА, СТУДИИ)
ДА

**НЕ**
ЛИНК

18. ДАЛИ СЕ ОБЈАВЕНИ ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА КОИ ГИ ПОДНЕСУВАТЕ ДО НАДЗОРНИТЕ ОРГАНИ
ДА
**НЕ**
ЛИНК
19. ОБЈАВУВАТЕ ЛИ СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ СО КОИ СЕ ВЛИЈАЕ НА ЖИВОТОТ И ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
ДА
**НЕ**
ЛИНК
20. ОБЈАВЕНИ АКТИ И МЕРКИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НАДЛЕЖНОСТА И РАБОТАТА НА ИМАТЕЛОТ НА ИНФОРМАЦИИ
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/application/themes/priracnik/index.html

21. ПОСОЧЕТЕ ЛИНКОВИ КАДЕ ГИ ОБЈАВУВАТЕ СПЕЦИФИЧНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ВАШАТА ИНСТИТУЦИЈА ЛИНК
ДА
**НЕ**
ЛИНК

22. ДАЛИ СЕ ОБЈАВЕНИ ВИДОВИТЕ УСЛУГИ КОИ ГИ ДАВААТ ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ ДА ПОСТАВЕТЕ
ДА
**НЕ**
ЛИНК

23. ТАРИФНИЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕАЛНИ АКТИ ДА НЕ
ДА
**НЕ**
ЛИНК

- **ЧЕТВРТА ГРУПА: БУЏЕТ, ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ**

24. ГОДИШЕН БУЏЕТ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ
2021 **да**/не
2020 **да**/не
2019 **да**/не
ЛИНК ЗА СЕКОЈА ГОДИНИ)

http://www.sz.gov.mk/blogs/4/207/-
http://www.sz.gov.mk/blogs/4/184/2020
http://www.sz.gov.mk/blogs/4/137/2019

25. ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ
2020**да**/не
2019 **да**/не
2018 **да**/не
ЛИНК ЗА СЕКОЈА ГОДИНИ
http://www.sz.gov.mk/blogs/4/218/2020
http://www.sz.gov.mk/blogs/4/185/2019
http://www.sz.gov.mk/blogs/4/149/2018

26. КВАРТАЛНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА
ДА
**НЕ**
ЛИНК

27. ДАЛИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ВАШАТА ИНСТИТУЦИЈА?
**ДА**
НЕ
27.1.ДАЛИ Е ОБЈАВЕН РЕВИЗОРСКИОТ ИЗВЕШТАЈ
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/blogs/4/239/2014

28. ДАЛИ Е ОБЈАВЕН ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/blogs/4/206/-
29. ДАЛИ СЕ ОБЈАВУВАТ ОГЛАСИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/jn

30. ДАЛИ СЕ ОБЈАВУВА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА СКЛУЧЕН ДОГОВОР
**ДА**
НЕ
ЛИНК http://www.sz.gov.mk/pages/jn

**Прашање:**

Во согласност со Архуската конвенција, како и врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (и подоцнежните измени и дополнувања) од имателот ја барам следната информација:

1. **Образложение врз основа на кој закон Комисијата по барање за денационализација за подрачјата на општините Охрид, Струга , Ресен, Битола,Демир Хисар, Прилеп, Велес, Крушево и Македонски Брод во рок од 15 дена од правосилност на Пресудата нема донесено нов управен акт? Пресудата е донесена на 23.06.2021 година. Број на управниот спор е У-2.бр.244/2020.**
2. **Дали ќе се покренат соодветни постапки за членовите на комисијата поради непостапување по судска пресуда која е задолжителна и извршна?**

3. **Дали ќе се покренат соодветни постапки за членовите на комисијата по барање за денационализација за непочитување на Законот за управни постапки?**

4. **Дали ќе се покренат соодветни постапки за членовите на комисијата по барање за денационализација за кршење на човековите права?**

**Одговор:**

Ве известуваме дека со оглед на тоа што Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а согласно член 12 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/98, 31/00, 42/03, 44/07, 72/10, 171/10, 55/13, 33/15 и 104/15), по барање за денационализација одлучува министерот за финансии и истиот може да формира една или повеќе комисии за одлучување по барањата за денационализација (орган за денационализација), Вашето барање е препратено на натамошно постапување до Министерството за финансии, со допис бр. 03-458/2 од 22.08.2022 година.

**Одговор:**

Со оглед дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараните информации, а согласно член 12 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/98, 31/00, 42/03, 44/07, 72/10, 171/10, 55/13, 33/15 и 104/15), по барање за денационализација одлучува министерот за финансии и истиот може да формира една или повеќе комисии за одлучување по барањата за денационализација (орган за денационализација), на Ваше натамошно постапување Ви го препраќаме предметното писмено барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted], а пратено по е-маил на ден 18.08.2022 година.

**Прашање:**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Броевите на огласите на постапките за јавни набавки спроведени во 2021 и 2022 година во коишто сте побарале од економските оператори некоја од следниве три потврди (а поврзано со точка 169 од записникот од 171 седница на Владата на РСМ одржана на 16.12.2019 година):

Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпад од пакување;

Потврда за склучен договор за преземање на обврска за постапување со отпадна опрема која е основа за ослободување од плаќање надоместок за управување со отпадна опрема и

Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори.

**Одговор:**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, а кое се однесува на броевите на огласите на постапките за јавни набавки спроведени во 2021 и 2022 година во кои би побарале од економските оператори потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпад од пакување, потврда за склучен договор за преземање на обврска за постапување со отпадна опрема која е основа за ослободување од плаќање надоместок за управување со отпадна опрема и потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори, Ве известуваме дека Секретаријатот за законодавство во 2021 и 2022 година нема спроведено постапка за јавни набавки за производи (производи од пластика, батерии и акумулатори), што е видно од Годишниот план за јавни набавки во 2021 година и Годишниот план за јавни набавки во 2022 година на Секретаријатот за законодавство, за производи кои се утврдени во точка 169 од записникот од 171 седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 16.12.2019 година.

**Прашање:**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?
Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?
Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно) за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?

**Одговор:**

Во врска со Вашето барање Ве известуваме дека во прилог Ви доставуваме Excel табела, во која детално по години се наведени бараните податоци.

| **Престанок на работен однос** | **број** | **звање** | **образование** | **години на работно искуство** | **основ за престанок** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 4 | помошник раководител на сектор | ВСС | 30 | пензија | |
| | | државен советник | ВСС | 24 | по сопствено барање | |
| | | соработник | ВСС | 12 | по сопствено барање | |
| | | помлад соработник | ВСС | 8 | по сопствено барање | |
| 2021 | 1 | советник | ВСС | 5 | по сопствено барање | |
| 2022 | 3 | државен советник | ВСС | 25 | по сопствено барање | |
| | | советник | ВСС | 19 | по сопствено барање | |
| | | соработник | ВСС | 10 | смрт | |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Нови вработувања | број | звање | образование | години на работно искуство | основ за започнување | |
| 2020 | 2 | раководител на одделение | ВСС | 12 | јавен оглас | |
| | | помлад соработник | ВСС | 13 | јавен оглас | |
| 2021 | 5 | помлад соработник | ВСС | 10 | јавен оглас | |
| | | помлад соработник | ВСС | 0 | јавен оглас | |
| | | помлад соработник | ВСС | 0 | јавен оглас | |
| | | помлад соработник | ВСС | 0 | јавен оглас | |
| | | соработник | ВСС | 5 | јавен оглас | |
| 2021 преземање | 1 | помлад соработник | ВСС | 6 | преземање | |
| 2022 | 1 | раководител на одделение | ВСС | 11 | јавен оглас | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| Вработувања на определено време | број | звање | образование | години на работно искуство | основ за започнување | траење на договорот |
| 2020 | 1 | соработник | ВСС | 3 | зголемен обем на работа - определено време | 1 година |
| 2021 | 1 | соработник | ВСС | 4 | зголемен обем на работа - определено време | 1 година |

**Прашање:**

Да ни доставите податоци за вработените во Секретаријат за законодавство за 2021 голина. посебно според наведените прашања:

Вкупен број на вработени, поделени по пол;

Вработени на раководни работни места, поделени по пол;

Вработени на нераководни работни места, поделени по пол;

Вкупен број на вработени Роми, поделени по пол;

Вработени Роми на раководни позиции, поделени по пол.

Да ни доставите податоци за вработените Ромки во Секретаријат за законодавство за 2021 година, посебно според наведените прашања:

Назив на работно место на вработените Ромки;

Степен на образование на Ромките за конкретните работни места на кои се вработени

**Одговор:**

Во врска со Вашето барање Ве известуваме на следното:

1.1 Вкупен број на вработени, поделени по пол.
Одговор: Во Секретаријатот за законодавство до 31.12.2021 година има вкупно 26 вработени, и тоа: 20 жени и 6 мажи.

1.2 Вкупен број на раководни работни места, поделени по пол.
Одговор: Во Секретаријатот за законодавство до 31.12.2021 година има вкупно 9 вработени на раководно место, по пол жени.

1.3 Вкупен број на нераководни работни места, поделени по пол.
Одговор: Во Секретаријатот за законодавство до 31.12.2021 година има вкупно 17 вработени на нераководни места, и тоа: 11 жени и 7 мажи.

1.4 Вкупен број на вработени Роми, поделени по пол.
Одговор: Во Секретаријатот за законодавство до 31.12.2021 година нема вработени Роми.

1.5 Вработени Роми на раководни позиции, поделени по пол.
Одговор: Во Секретаријатот за законодавство нема вработени Роми.

Податоци за вработени Ромки во Секретаријат за законодавство за 2021 година, посебно според наведените прашања:

- Во Секретаријатот за законодавство до 31.12.2021 година нема вработени Ромки.